HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAKEDONISË | MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ | COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA | HELSINŠKO COMITEȚI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA | ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## СЕПТЕМВРИ 2014

## СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ
- Предлог за измена на Уставот на РМ
- Специјална војна против граѓанското општество
- Говор на омраза
- Цензура наместо слобода на изразување
- Продолжено ограничување на правото на информирање од страна на Уставниот суд

ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ
- Иституциите неми за состојбата на измачуваното глувонемо дете

ДИСКРИМИНАЦИЈА
- Дискриминација по основ на пол во Законот за работни односи

СУДСКИ СЛУЧАИ
- Непостапување по одлука за остварување на правото на работа

ОКТОМВРИ 2014

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНА НА УСТАВОТ НА РМ

Со жалење констатираме дека постапката за измена на Уставот се одвива во отсуството на демократска атмосфера во процесот на менување на највисокиот правен акт. Како никогаш досега овие измени на Уставот се спроведуваат со голема брзина, несоодветна консултација со јавноста и во отсуство на опозицијата од Собранието на Република Македонија.

Неприфатливо е носење на крупни уставни измени без за тоа да постои соодветна стратегија и јасна цел. Според тоа, јавноста не само што не е запознаена со целите на уставните измени, туку не ѝ се познати ниту последиците и промените кои овие измени ќе ги имаат врз општествениот живот. Понатаму, кусите и неиздржани образложенија на Нацрт амандманите укажуваат на неодговорниот пристап на Владата при креирањето на најзначаните правни акти.

На 17 септември 2014 година Хелсиншкиот комитет, заедно со уште три граѓански здруженија, спроведе јавна расправа која беше отворена за јавноста, а на која како говорници беа поканети лица за кои сметавме дека можат стручно, отворено и со конструктивна криткика да го дадат своето видување по однос на Нацрт амандманите.[1] Како резултат на нашите и стручните ставови искажани од учесниците на јавната расправа, до Владата на РМ доставивме забелешки и предлози за секој Нацрт амандман поединечно.[2] Имајќи ги предвид нашите забелешки содржани во споменатиот документ, побаравме од Владата да ги повлече Нацрт амандманите.

## СПЕЦИЈАЛНА ВОЈНА ПРОТИВ ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Системскиот напад на граѓанското општество во целост, а особено на активистите за човекови права, новинарите, интелектуалците и уметниците е без преседан. Во последно време тие напади се заоструваат преку дисквалификации, лаги и манипулации кои имаат за цел да се дискредитира секој обид да се мисли и говори поинаку од власта.

Човековите права, стабилноста и мирот во Република Македонија се во загрижувачки лоша состојба. Тоа е констатација на сите релевантни организации и институции во светот и кај нас. Овие наоди за состојбите во земјава се поткрепени и со меѓународните индекси за одредување на степенот на демократијата, владеењето на правото и човековите права, слободата на говорот и медиумите, како и индексот за

[1] http://www.youtube.com/playlist?list=PLn4ovL5i_iAtJk8EMfCMl2VIKyzVKhLc5
[2] http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/796/Pismo_do_Vlada_na_RM_Ustavni_izmeni.pdf

мир и стабилност, во кои Република Македонија редовно бележи стрмоглав пад. Граѓанските организации во земјата со години алармираат на загрозувањето на демократијата и човековите права, но тие остануваат невидливи за јавноста поради масивната контрола на медиумите од страна на власта. Институциите се злоупотребени и целосно партизирани и работат исклучиво во интерес на партиите на власт. Границата меѓу институциите на државата и партиите на власт е избришана.

Политичкиот дијалог е мртов со години, а нашата земја се вброи меѓу малкуте европски држави во кои се констатира постоење на политички затвореници и каде стравот да се проговори пред отворената закана од прогон и други видови притисоци од власта е силно присутен насекаде. Полицијата е милитаризирана и излегува на улиците со оклопни возила во полна воена опрема и не се воздржува од употреба на сила и бруталност за да спречи или задуши мирни протести.

Национализмот и верската нетрпеливост што ги промовираат двете партии на власт преку злоупотреба и контрола на институциите, помалите партии и медиумите предизвикува поделби, тензии и насилство меѓу етничките и верските заедници во земјата. Сето тоа го загрозува мирот, стабилноста на Република Македонија. Без дијалог и слобода нема мир!

Воедно, ја повикуваме власта да престане со специјалната војна против граѓанското општество и да им даде простор на слободната мисла и делување, како што е пропишано во Уставот и меѓународните документи на кои се обврзала Република Македонија. Ги повикуваме сите граѓанки и граѓани на Република Македонија да дадат поддршка на мирот, толеранцијата и почитувањето на човековите права и слободи со тоа што ќе ни се придружат во напорите за враќање на демократијата во земјата.

## ГОВОР НА ОМРАЗА

Хелсиншкиот комитет за човекови права на 24.09.2014 го мониторираше фудбалскиот натпревар во рамките на КУП натпреварувањата помеѓу ФК Шкендија и ФК Вардар, на Градскиот стадион во Тетово. Натпреварот беше класифициран како натпревар од голем ризик и затоа присутни беа голем број припадници на МВР. За редот во трибите и во теренот беше ангажирана и фирма за обезбедување. Во трибините не беа забележани транспаренти со националистички пораки., но беше присутен говорот на омраза. Песните на навивачите во зависност од противничките тимови се генерално исти но се прилагодуваат во зависност од противникот.

По завршувањето на натпреварот група на навивачи  почна да го каменуваат голманот на гостинската екипа при што се здоби со повреди на главата, во тој момент домашните фудбалери се обидоа да ги смират навивачите и му пружија помош на повредениот гостински голман. Навивачите од Вардар познати како „Комити“ не беа присутни на стадионот, бидејќи на вакви натпревари, заради безбедносни причини навивачите од гостинските екипи не смеат да одат организирано, но според информирањето на медиумите, комитите организирано дошле до Тетово, но полицијата не им дозволил да се доближат до стадионот со цел да се избегне некоја конфронтација со домашните навивачи, кои откако дознале за нивното доаѓање,

близу градскиот стадионот ги чекале да се приближат, но полицијата навреме интервенирала и немало некој инцидент.

ФФМ поведе дисциплинска постапка, со што поради недолично однесување на навивачката група „Балисти“ и извикување на навредливи слогани за пред и за време на натпреварот, користење на пиротехнички средства бакли и хартиени ленти, и фрлање со тврди предмети по што е удрен гостинскиот голман. ФК „Шкендија“ од Тетово е казнет со парична казна од 2,500 евра.

## ЦЕНЗУРА НАМЕСТО СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Хелсиншкиот комитет ги следи состојбите со слободата на изразување во јавниот простор како и пристапот до објективни информации и разнолична содржина, без цензура и слобода во изразување на различни ставови во интерес на поширокaта јавност. Исто така, Хелсиншкиот комитет ја следи транспарентноста на институциите со особен интерес на комуникацијата со граѓаните особено за прашања кои се од општествен интерес. Дополнително, Комитетот во изминатиот период ги анализираше состојбите и наводи за политичко влијание и цензура врз уредувачката политика на медиумите, новинарите но и членови на партиите во опозиција. Особено затоа што во изминатата година слободата на изразување и слободата на медиумите предизвикаа особен интерес поради несразмерното одредување на парични казни за одредени медиуми, првостепената пресуда изречена за новинарот Кежаровски, исклучувањето на јавноста од процесите на донесување на важните законски измени во делот на регулирање на радиодифузерите и новите ингеренции на реформираното независно тело. Овие појави во општеството водат кон воспоставување на целосна цензура и само-цензура на новинарите во обид да се воспостави целосна контрола врз уредувачката политика на медиумите оставајќи минимален простор за критичката мисла во голем дел сконцентрирана на интернет-базирани медиуми.

Покрај притисоците, Комитетот констатира дека слободата на изразување честопати се злоупотребува за политички цели и дезинформирање на јавноста особено за време на настани како што беа дво-месечните протести од страна на семејствата и поддржувачите на осудените лица во случајот „Смилковско езеро“. Комитетот забележа дека недостатокот на општествена одговорност при известување за чувствителни случаи особено за засегнатите страни во процесот доведоа до поголема ескалација на говорот на омраза кај учесниците во протестите, особено поради завршните зборови на јавната обвинителка која посочи на етничка омраза и националистички мотиви за извршување на делата. Поради протестите и тензичната атмосфера, Комитетот во периодот на месец јули и август забележа пораст на бројот на пријавени случаи за говор на омраза на платформата www.govornaomraza.mk.

Комитетот исто така изразува голема загриженост за судските пресуди како и злоупотреба на Законот за граѓанска одговорност каде што се регулирани навредата и клеветата како повреди на честа и угледот особено за експресните пресуди донесени во полза на оштетените, честопати носители на високи јавни функции во извршната власт. Такви се случаите и барања за оштета за нанесена душевна болка од страна на министерката за внатрешни работи, директорот на Управата за безбедност и

контраразузнавање барани од страна на медиуми кои ја критикуваат работата на извршната власт или членови на опозицијата вклучувајќи го и процесот покренат од страна на премиерот на РМ против претседателот на најголемата опозициска партија. Оваа практика укажува на демонстрација на сила од позиција на моќ, влијание и контрола врз судскиот систем како и негативна порака до граѓаните дека критиката насочена кон извршната власт може да заврши со парична или друг вид на казна, истовремено засилувајќи ја цензурата во јавниот простор.

### ПРОДОЛЖЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ ОД СТРАНА НА УСТАВНИОТ СУД

Комитетот ~~би~~ сака~~л~~ да истакне дека покрај слободата на изразување  и правото на информирање на јавноста е ограничено од страна на претседателката на Уставниот суд за која Комитетот предупреди дека воспоставува пракса на нетранспарентност при самостојната одлука јавните расправи во Уставниот суд повеќе да не бидат пренесувани со аудио и видео запис. Комитетот изразува жалење за оваа практика на цензура при јавното информирање за прашања од јавен интерес како што беше расправата за спорните измени во Законот за прекин на бременоста. За потсетување, овој преседан од страна на претседателката беше направен за прв пат во месец јуни кога беше донесена еднострана одлука за исклучување на јавноста преку ваквите ограничувања особено по одлуката на Уставниот суд да го одбие барањето за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот што се однесуваат на слободата на јавното изразување и информирање за настаните од 24 декември 2012 година.

## ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

### ИСТИТУЦИИТЕ НЕМИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ИЗМАЧУВАНОТО ГЛУВОНЕМО ДЕТЕ

Хелсиншкиот комитет за човекови права на 30 јуни 2014 се обрати до јавноста и надлежните институции за глувонемото дете - жртва на тортура од страна на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Бањско. Претставници на Хелсиншкиот комитет, во тој временски период ја посетија здравствената установа и им се даде можност да остварат средба со малолетното дете. Според медицинската документација, беше утврдено дека се работи за дете со комбинирани пречки во развојот - психички и физички. Степенот на пречките во психичкиот развој е умерен, додека за пречките во телесниот развој се утврдени пречки во говорот и гласот и тешка форма на церебрална парализа. Претставниците на Комитетот, за време на посетата имаа можност да го видат детето и да утврдат дека нормално се движи - оди и трча, оттука, се наметнува сомнежот за погрешно поставена дијагноза од страна на докторите кои го изготвиле наодот и мислењето за видот и степенот на попреченост во физичкиот или психичкиот развој на малолетното дете.

Земајќи ги во предвид сите околности, Хелсиншкиот комитет, достави барање за информации до: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски, Државниот здравствен инспекторат и Народниот правобранител.

Од надлежните институции беше побарано: да биде извршена рекатегоризација со која точно ќе биде утврдена здравствена состојба на детето  и ќе му се овозможи соодветна грижа и нега; да се изврши надзор врз работата на Центарот за социјални работи Битола и да се превземат мерки за утврдување на одговорност на овластените лица што постапиле во конкретниот случај. Понатаму, на ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски„ Битола и предложивме да превземат мерки за внатрешен надзор над стручната работа на стручните лица кои го изготвиле наодот и мислењето за видот и степенот на попреченост за развојот на детето. Исто така му беше предложено на Министерството за здравство, да изврши надзор над законитоста на работата на ЈЗУ Клиничка болница „ Д-р Трифун Пановски„ – Битола. Од Народниот правобранител побаравме да не информира кои активности и мерки се преземени од нивната страна, односно дали планираат да извршат надзор над законитоста на работата и надзор над стручната работа на ЈЗУ Клиничка болница „ Д-р Трифун Пановски„ – Битола.

Во текот на месец септември, покрај горенаведените дописи, Хелсиншкиот комитет побара од ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци (Топанско Поле – Скопје), да се овозможи средба со детето, но барањето беше одбиено. Известени сме дека до денешен датум до оваа установа не е доставен нов стручен наод и мислење за состојбата на детето.  Бидејќи надлежните институции се уште се неми за состојбата на измачуваното глувонемо дете, а имаат обврска да известат кои дејствија ги имаат преземено за заштита и унапредување на неговите права, бараме сите надлежните органи кои имаат законска обврска да постапат по случајот да одговорат кои дејствија ги имаат преземено и дали е утврдена одговорност за нестручно и несовесно работење кај лицата кои постапувале во конкретниот случај.

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВ НА ПОЛ ВО ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

На крајот од месец јули, непосредно пред годишниот одмор, Собранието на РМ повторно усвои дискриминаторски одредби во Законот за работни односи. Имено, почнувајќи од август 2014 година, работниците со писмена изјава до работодавачите може да побараат да им се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст (маж), односно до 65 години возраст (жена). Според измените, доброволната писмена изјава се поднесува еднаш годишно (по стекнат стаж од 62 години за жени, односно 64 години за мажи), а по нејзиниот прием работодавачот е должен да го продолжи договорот за вработување. Го потсетуваме законодавниот дом дека граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот и секој има право на

работа и избор на вработување. Забранета е дискриминацијата врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областите на вработувањето и трудот и социјалната сигурност и секоја директна или индиректна дискриминација врз основа на пол.

Со особено жалење констатираме дека Собранието на РМ, по налог на извршната власт, без јавна дебата и консултации со засегнатите страни и без да ја има предвид праксата на Уставниот суд усвои законско решение што содржи одредба која претставува директна дискриминација. Овој чекор во суштина значи напуштање на половата еднаквост која постоеше пред усвоените измени во делот на остварување на правото на работа (односно и жените и мажите од работодавачот да побараат продолжување на работниот стаж до 65 годишна возраст. Уставниот суд на РМ во 2005 година поништил дискриминаторски одредби врз основа на пол од Законот за работни односи што се однесуваат на ова прашање). Според Уставниот суд нееднаков однос по основ на пол постои „секогаш кога условите за остварување на пензија утврдени со посебен закон се различни за мажите и жените". Според Уставниот суд неспорно е правото на жените да се пензионираат порано од мажите како принцип на афирмативна акција, но не и кога „станува збор за остварување на правото на работа кое се разликува од остварувањето на правото на старосна пензија".

Во 27 од 28 земји членки на Европската унија старосната граница за пензионирање меѓу мажите и жените е веќе изедначена или на сила се правни акти преку кои целосната еднаквост ќе биде прогресивно обезбедена во годините што следат. Дискриминаторското решение уште повеќе ќе го зголеми јазот на нееднаквост помеѓу мажите и жените имајќи предвид дека жените работат пократко што резултира со пониски пензии. Државата продолжува со ставање на посебен акцент на стереотипното приемање на жените како мајки и негувателки, промовирајќи го на тој начин нерамноправното унапредување во кариерата на мажите. Дополнително, просечниот животен век на жените во Македонија изнесува 74.2 години, додека кај мажите 69.9 години. Овој факт говори дека жените претставуваат значаен елемент на работната сила во Македонија и дека доколку доброволно сакаат да го продолжат својот работен век тоа е од полза како за нив, така и за државата.

# СУДСКИ СЛУЧАИ

## НЕПОСТАПУВАЊЕ ПО ОДЛУКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА РАБОТА

До Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, со барање за бесплатна правна помош се обратија лицата Ласте Ивановски и Валентина Илиевска, двајцата вработени во Царинската управа на Република Македонија. Правна помош побараа поради тоа што иако официјално сеуште се вработени во Царинската управа, сепак не можат да го остварат правото на работа, поради наводни административни пречки.

Имено, во 2009 година на двете лица им биле дадени отказни решенија од страна на директорот на Царинската управа, кои потоа биле изменети од страна на Комисијата

за решавање на прашања од областа на работните односи, на начин што во случајот на Ласте Ивановски решението за отказ било заменето со парична казна во висина од 10% од последната исплатена месечна плата во траење од 6 месеци, додека во случајот на лицето Валентина Илиевска отказното решение било поништено и предметот бил вратен на повторно одлучување. И покрај ваквите решенија од Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи, овие лица сеуште не се вратени на работа поради тоа што во долгиот период од 10 месеци додека одлучувала Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи лицата Ласте и Валентина веќе биле одјавени од работните места.

Сметаме дека со ваквата одлука на Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи треба да се смета дека отказот воопшто и не постоел. Со ваквата одлука на Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи се смета дека договорот за вработување е во важност и никогаш не бил ни прекинат. Ваквиот став се потврдува и од одлуките на Основниот суд Скопје 2 Скопје , во кои се наведува дека се беспредметни постапките кои двете лица ги воделе за поништување на решенијата за отказ од работа, поради тоа што договорите за вработување се сеуште во важност.

За Хелсиншкиот комитет е нејасно зошто на лицата не им се распределени работни задачи кои одговараат на нивниот договор за вработување и нивната стручна спрема. Сакаме да посочиме дека законската можност за поднесување на приговор постои со цел да се изврши ревизија на донесена одлука на првостепен орган, како што во конкретните случаи е дисциплинската комисија. Доколку второстепениот орган, Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи, донела различна одлука од онаа на првостепената комисија како што е во конкретните случаи, договорот за вработување е сеуште во сила и се смета како решението за раскин на работниот однос да не ни постоело. Впрочем, граѓанските судови не можат да постапуваат и да поништуваат решенија за отказ кога второстепена комисија истите ги има поништено, односно изменето и се смета како воопшто и да не се донесени. Единствено јасно во овој случај е дека не се спроведува одлука на Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи на штета на наведените лица кои не можат да го остварат правото на работа, правото на здравствено и пензиско осигурување, правото на паричен надоместок, со што се загрозува и нивниот приватен и семеен живот.